20260550927

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/08, 152/10, 58/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/21 и 15/26), членот 2 се менува и гласи:

„Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија е составена од раководител, заменик раководител, членови и заменици членови, кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Со Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија раководи претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија за својата работа донесува деловник“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2151/7
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.